# THERMO UNIVERSAL MULTI PRO WHITE

## Бел лепак за лепење и армирање EPS/XPS/MW плочи

**За лепење на експандиран и екструдиран полистирен и камена волна, како и за изработка на тенок армиран слој во комбинација со фасадна мрежа од стаклени влакна Ceresit CT 325**

ВЕРЗИЈА: CERESIT_TU_WHITE_TDS_11_2025

## КАРАКТЕРИСТИКИ

- MULTI PRO WHITE - универзален за различни видови термоизолациски плочи (EPS – бел и графитен, XPS, MW) и различни видови апликации (лепење и армирање)
- Издржлив и флексибилен
- Збогатен со Fibre Force влакна
- Отпорен на сите временски услови (можност за работа од +5°C до +35°C)
- Водоодбивен и паропропустлив




## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

Ceresit Thermo Universal MULTI PRO WHITE е составен дел од ETICS системот (систем за надворешна термоизолација) во рамки на Ceresit Ceretherm системот, со употреба на EPS (бел и графитен), XPS и MW плочи и ламели. Ceresit Thermo Universal MULTI PRO WHITE лепак се користи за лепење на EPS (бел и графитен), XPS и MW плочи, како и за изработка на армиран слој во комбинација со фасадна мрежа од стаклени влакна Ceresit CT 325 – како за нови зидани објекти, така и за постоечки објекти кои треба да се термоизолираат.

## ПОДГОТОВКА НА ПОДЛОГА

**1. Лепење на EPS (бел и графитен), XPS и MW плочи**

Ceresit Thermo Universal бел лепак има одлична адхезија на товарни, цврсти и суви подлоги, како што се ѕидови, малтери и бетонски ѕидови без маснотии, битумен, прашина и други супстанции кои го намалуваат лепењето. Лепењето на постоечките малтери, бои и облоги треба да се провери пред нанесување. Треба да се отстрани "шупливиот" малтер. Сите нечистотии и супстанции кои влијаат на лепењето, паронепропусни премази и премази кои не се сврзани со подлогата треба да бидат комплетно отстранети. Во случај на микробиолошка контаминација од габи, алги или мов, исчистете ја површината со вода под притисок пред нанесување на отстранувач на нечистотии, или ако е потребно да се исчисти подлогата со челична четка, по што треба да се примени отстранувачот на микроорганизми Ceresit CT 99 согласно со техничките упатства. Стари немалтерисани ѕидови, јако сврзани малтери и бои треба да се исчистат и исперат со вода под притисок и целосно да се исушат. Кај подлогите кои имаат висока апсорпција на вода (пр. ѕидови направени од гасобетонски блокови), пред почетокот на работа се нанесува премаз Ceresit CT 17 и се остава да се исуши околу 1 час. Лепењето на Ceresit Thermo Universal може да се провери со лепење 10x10 cm коцка од EPS плоча на повеќе места и со рачно влечење после 4-7 дена. Носивоста на подлогата одговара само кога EPS коцката ќе пукне во средина.




**2. Апликација на арматурниот слој**

Кога Ceresit Thermo Universal WHITE ќе зацврсти (отприлика после 3 дена), плочите можат да се избришат со абразивна хартија и опционално да се зацврстат со механички анкери/типли. Доколку EPS и XPS таблите не бидат заштитени со арматурен слој после 2 недели, нивниот квалитет мора да биде проверен. Жолтите запрашени табли треба да бидат избришани со абразивна хартија. Подлоги од MW плочи кои се зацврстени со механички анкери/типли треба претходно да се исчистат со четка од остатоци од минерални влакна.

## НАЧИН НА УПОТРЕБА

Ceresit Thermo Universal WHITE се истура во измерената количина чиста и ладна вода. Се меша со помош на електрична мешалка додека не се добие хомогена смеса без грутки, потоа се чека околу 5 минути и повторно се промешува смесата.

**1. Лепење на плочи од EPS (бел и графитен) и XPS**

Подготвениот малтер/лепак треба да се нанесе со помош на мистрија или шпатула по рабовите на плочата, формирајќи трака широка 3–4 cm и неколку точки во средината со дијаметар од околу 8 cm. Потоа, веднаш треба да се притисне плочата на површината и да се провери нејзината рамност со помош на голема летва/нивелирач. Соодветно нанесениот лепак, по притискањето на плочата, треба да обезбеди минимум 40% контакт со површината. Во случај на рамни и мазни површини, лепакот треба да се нанесе со употреба на назабена глетерка ( 10–12 mm). Плочите треба да се поставуваат цврсто една до друга, при што секој нареден вертикален ред се поместува во „цигла систем“.

**1. Лепење на плочи од минерална волна (MW)**

Пред нанесување на лепакот на плочите, потребно е да се нанесе тенок слој лепак на местата каде што ќе се нанесува главниот лепак. Подготвениот малтер/лепак треба да се нанесе со помош на мистрија или шпатула по рабовите на плочата, формирајќи трака широка 3–4 cm и неколку точки во средината со дијаметар од околу 8 cm. Потоа, веднаш треба да се притисне плочата на површината и да се провери нејзината рамност со помош на голема летва/нивелирач. Соодветно нанесениот лепак, по притискањето на плочата, треба да обезбеди минимум 40% контакт со површината. Во случај на рамни и мазни површини, лепакот треба да се нанесе со употреба на назабена глетерка ( 10–12 mm). Плочите треба да се поставуваат цврсто една до друга, при што секој нареден вертикален ред се поместува во „цигла систем". Кога лепакот ќе се исуши (приближно по 3 дена), плочите може да се израмнат со соодветен алат и дополнително да се зацврстат со механички анкери со челична игла.

**2. Нанесување арматурен слој на EPS (бел и графитен) и XPS плочи**

Подготвениот лепак мора да се нанесе на целата површина на EPS плочата со употреба на назабена глетарка со забци од 10-12 mm. Мрежата од стаклени влакна CT 325 треба да се втопи во свежо нанесениот лепак (со 10 cm преклоп) и да се измазни така што стаклената мрежа нема да се гледа. Можно е и машинско нанесување на лепакот.

**2. Апликација на армиран слој на плочи од минерална волна**

Пред апликацијата на лепакот, потребно е да се изврши таканаречено „прајмерисување" на плочите со нанесување на Ceresit CT 80 во тенок слој, околу 1 mm, на целата површина на волната. По сушењето на слојот, во траење од приближно 24 часа, потребно е да се започне со изработка на армираниот слој. Подготвениот лепак треба да се нанесе на целата површина на плочите со употреба на назабена глетерка со заби со дијаметар од 10–12 mm. Фасадната мрежа од стаклени влакна Ceresit CT 325 треба да се вгради во свежо нанесениот лепак (со преклоп од 10 cm) и да се израмни така што мрежата веќе да не се гледа. Кога лепакот целосно ќе се исуши, потребно е да се нанесе трет слој лепак користејќи Ceresit Thermo Universal. Вкупната дебелина на армираниот слој треба да изнесува 5–6 mm. Можно е и машинско нанесување на лепакот. Свежите дамки од лепак може да се отстранат со вода, додека зацврстениот дел само механички.

## ВАЖНИ ИНФОРМАЦИИ

Армираниот слој не треба да се нанесува на силно сончеви површини, а нанесениот слој треба да биде заштитен од дожд. Се препорачува употреба на заштитна мрежа за скелиња. Нанесувањето треба да се изврши во суви услови, при температури на подлогата и околината од +5°C до +35°C. Производот содржи цемент. Во контакт со вода реагира многу алкално, затоа кожата и очите треба да бидат заштитени. Во случај на контакт со очите, исплакнете ги веднаш со вода и консултирајте го вашиот општ лекар. Содржината на растворлив хексавалентен хром Cr (VI) во производот е помала од 2 ppm, во рамките на рокот и условите на складирање кои ги препорачува производителот. Обратете внимание на датумот на производство и рокот на траење на производот. По истекување на рокот, може да се појави ризик од алергиска реакција поради зголемената содржина на растворлив хексавалентен хром Cr (VI) во производот. Погледнете го безбедносниот лист за детални безбедносни совети и упатства за одлагање. Техничките карактеристики се наведени во тековната Декларација за перформанси. Со овој технички лист се заменуваат сите претходни.

## ТЕХНИЧКИ ПОДАТОЦИ

| | |
|---|---|
| Состав: | Мешавина на цемент и вар со минерални полначи и адитиви |
| Густина на подготвена смеса: | 1,42 ± 10% kg/dm³ |
| Соодност на смесата: | 5,5 ± 0,25 l вода на 25 kg |
| Работна температура: | од +5°C до +35°C |
| Време на изработка: | приближно 90 минути |
| Лепливост во согласност со ETAG 004: | |
| -за бетон: | ≥ 0,25 MPa |
| -за EPS, XPS и MW плочи: | ≥ 0,08 MPa |

Реакција на пожар во согласност со EN 1305-1:
B – s1, d0 во:
Ceresit Ceretherm Universal EPS
B – s2, d0 во:
Ceresit Ceretherm Universal EPS, Impactum
A2 – s1, d0 во:
Ceresit Ceretherm Wool Classic, Ceresit Ceretherm Wool Premium

Просечна потрошувачка која зависи од рапавоста и способноста за впивање на подлогите:

| | |
|---|---|
| EPS и XPS: | |
| Лепење плочи: | приближно 5,0 kg/m² |
| Армирање: | приближно 4,0 kg/m² |
| Израмнување: | приближно 1,0 kg/m² |
| MW: | |
| Лепење плочи: | приближно 5,0 kg/m² |
| Подлога: | приближно 1,0 kg/m² |
| Армирање: | приближно 4,0 kg/m² |
| Израмнување: | приближно 1,0 kg/m² |

Овој производ ги поседува следните документи:
- European Technical Approval (ETA) во системи:

| Ceresit Ceretherm System | Universal EPS | Universal XPS | Universal MW | Impactum |
|---|---|---|---|---|
| ETA | 13/0535 | 13/0807 | 14/0127 | 13/0086 |
| Certificate | 1488-CPR-0457/Z | 1488-CPR-0456/Z | 1488-CPR-0362/Z | 1488-CPR-0407/Z |
| DoP | 00433 | 00431 | 00435 | 00436 |

## ОСТАНАТИ ИНФОРМАЦИИ

Препорачливо е да се користат EPS плочи кои ги исполнуваат условите на надворешните термоизолациски системи (ETICS) според EN 13163, како и плочи од минерална волна кои ги исполнуваат условите на надворешни термоизолациски системи (ETICS) според EN 13162.

## РОК НА УПОТРЕБА/СКЛАДИРАЊЕ

До 12 месеци од датумот на производство, во оригинално и неоштетено пакување, во суви услови.

## ПАКУВАЊЕ

Вреќа од 25 kg.

Покрај информациите дадени во овој технички лист, важно е да се придржувате до релевантните упатства и правила на различни организации и компании, како и важечки домашни стандарди. Овие карактеристики се засноваат на нашето професионално знаење и искуство. Соодветни својства и употреби што се наведени во овој лист, бараат наша писмена потврда. Сите информации се дадени во однос на температурата на воздухот и материјалот од +20°C и 60% релативна влажност, освен ако не е специфично одредено. Во случај на различни климатски услови, стврднувањето може да се забрза или забави.

Наведените информации, како и препораките за ракување со нашите производи и нивната примена, се засноваат на нашето стручно знаење и искуство. Бидејќи материјалите и условите може да се разликуваат во зависност од примената, и затоа што немаме влијание врз нив, препорачуваме во секој случај да се направат соодветни проби за да се провери соодветноста на нашите производи за начинот на примена и употреба. Ниту една правна одговорност не може да се прифати врз основа на содржината на овој технички лист или усните совети, освен ако постојат докази за нашата намера или сериозна негрижа. Овој технички лист ги заменува сите претходни верзии.

Henkel CEE
www.ceresit.mk

This document was created and digitally signed by tdx.henkel.com at 2025-12-03T12:19:19.902Z